**ЗАПИСНИК**
**од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.12.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.11.2021 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио Лав од Охрид за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.
3. Предлог–решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ .
4. Предлог–решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.
5. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио Лав од Охрид за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми. Објасни дека по извршен надзор од страна на службата констатирано е дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми односно во третиот предвиден рок не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не доставил снимка од објавата во рок во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Како што наведе, од одредени информации кои ги има најверојатно е дека сопственикот на наведеното радио живее надвор од државата и можеби тоа е причината зошто радиодифузерот оваа обврска од Законот не ја исполнил. Согласно наодите од Писмениот извештај до Советот се предлага на ТРД Радио Лав од Охрид да му се изрече мерката јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека мерката е опомена до радиодифузерот без финансиски последици. Бидејќи како што рече Советот мора да го почитува Законот се изјасни дека ќе ја поддржи предложената мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-4262/1 од 24.11.2021 година и едногласно заклучи на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми затоа што во третиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 3 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за Стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече службата да го извести радиодифузерот за одлуката на Советот, за да може медиумот навремено да го усогласи своето работење со Законот и да не дојде во ситуација да треба се поведе прекршочна постапка.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека двете точки произлегуваат како обврска од Законот, односно по одземање на дозволата за радио и телевизиско емитување, Советот треба да донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери.

Г-дин Петрушевски објасни дека ова е техничка работа и отвори дискусија.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници. Објасни дека оваа набавка е за период од 3 години и средствата во Финансискиот план на Агенцијата се 300.000,00 денари. Меѓутоа најниската понуда што е доставена на електронската аукција е 359.700,00 денари. Од таа причина се предлага износот да се зголеми за 59.700,00 со тоа што овие средства се однесуваат за период од 3 години и на годишно ниво би дошло по 20 илјади денари зголемување на сумата во наредните три години.

Г-дин Петрушевски објасни дека Агенцијата има зголемен број на веб страници, односно тука е и страницата за Медиумска писменост. Наведе дека дополнително она што не го пишува во самиот предлог а што го има само во спецификацијата, е тоа дека со оваа набавка се обезбедуваат сите службени мејлови на Агенцијата и Советот од

околу 70-80 мејлови со користење на серверот од добавувачот, простор и слично. За износот со дообезбедените средства рече дека за него е прифатливо, цената е одлична и во целост ќе го поддржи предложеното зголемување на средствата кои се за три години.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - услуга: Интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници и за измена на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-4077 од 04.11.2021 година.

Во врска со горенаведеното не постои потреба за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги затоа што согласно член 6 став 1 од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки бр.02-3222/1 од 27.03.2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.64/19), содржината на годишниот план за јавни набавки не треба да се менува при промена на проценетата вредност, при промена на видот на планираната постапка за доделување на договор за јавна набавка или при промена на очекуваниот почеток на постапката.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-4473/6**
**22.12 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**